од Кратово, потоа фотографии на селото Војник, родното место (по легендата) на Карпош како и селото Коњух. Тука се изложени (што сметам дека треба посебно да бидат одбележани) двата турски документа, во кои се споменува името Карпуш или Карпоз (уз). Едниот документ носи датум 2. IX. — 5. X. 1689 година со кој Карпош и Сугаре се назначуваат за мартолосбашии, а вториот е од 26. IX. и 5. X. 1689 година и зборува за назначување на Карпош за главатор на мартолосбашиите. Следните панои сликовито зборуваат за навлегување на австриската војска во Македонија, за почетокот и текот на востанието и на крајот за неговото задушување и смртта на Карпош. Изложбата завршува со текстот за трагичниот крај на Карпошевите востаници, кој не е и крај на македонскиот народ да се бори за својата слобода и независност.

За изложбата е изработен каталог и плакат. Автор на изложбата е Миљковиќ Ѓорѓе, виш кустос, ликовното обликување е на Филипова Бисерка, ликовен уметник, а фотографиите ги изработил Ивановски Димче, фотограф — сите членови на колективот при Историскиот музеј на Македонија од Скопје.

Кратово, со здобиената постојана изложба за Карпошовото востание, со спомен бистата на Карпош, со сочуваните кули, мостови и куќи што се амфитеатрално распоредени покрај постојаната, веќе афирмирана детска галерија, создава на посетителот една пријатна импресија за едно далечно минато во сегашноста.

**Ѓ. М.**

## ПО ПОВОД ОДРЖАНИОТ СИМПОЗИУМ „СРЕДНОВЕКОВНА БОСНА И ЕВРОПСКА КУЛТУРА“

Од 2—5 септември 1971 година во Зеница, или како го наречуваат „градот на челик“, се одржа научен симпозиум на тема: „СРЕДНОВЕКОВНА БОСНА И ЕВРОПСКА КУЛТУРА“, во организација на Зеничкиот музеј. Со финансиската помош на Републиката Босна и Херцеговина и од поголем број на стопанските организации од градот беше единствено можно да биде организиран еден ваков научен собир. Секако, ваквата соработка помеѓу стопанските организации и културните институции во нашето самоуправно социјалистичко општество се наметнува како императив. Затоа, примерот на Зеничкиот музеј, покрај одбележувањето го сметам и како патоказ на другите во организирањето на вакви или слични културни манифестации.

Одбележувајќи го овој симпозиум сметам за должност, и како негов учесник, накратко да ги резимирам постигнатите резултати на неговиот организатор — Зеничкиот музеј. Можеби и затоа што тој за кратко време постигнал такви резултати кои помалу зачудуваат, но се присутни. Имено, иако Зеничкиот музеј спаѓа меѓу најмладите културни институции во нашата земја (формиран е само пред четири години), тој веќе сега располага со фонд од околу 100 илјади експонати од областа на археологијата, етнографијата и историјата.

Повеќе од 300 уметнички творби претставуваат посебна збирка, а се подарок на истакнатите академски скулптори и сликари од целата Југославија. Музејот има три одделенија: археолошко, етнографско и историско и е сместен во реставрираната Еврејска синагога и во поранешната Медреса. Специфични служби на Музејот се: документација, фототека, дијатека, хемеротека, планотека, кинотека и библиотека. Досега тој има организирано три научни собири и тоа: IX-то меѓународно советување на етнолозите на Југославија (1969); Симпозиум на Археолошкото друштво на Југославија на тема: „Хронолошка и типолошка детерминација на римската керамика во Југославија" и третиот, овој за кого пишуваме. Во научно истражувачката работа Зеничкиот музеј извршил археолошки ископувања на шест антички и средновековни локалитети, конзервирал неколку градежни објекти, меѓу кои и старата тврдина Врандук. Постигнатите успеси на овој Музеј се резултат на залагањето на целиот колектив, како и на неговиот директор Ибрахим-Пашиќ Фикрет. Тој, еден од ретките музејски ентузијасти, со голема љубов кон својот град и неговата историја го формирал Музејот. Еден од нашите познати културни работници во книгата на впечатоци, меѓу другото, запишал: „... Еден човек со своето срце го задолжил градот. Зеничани нека му бидат благодарни, а јас му се восхитувам". Вистина, тоа и го заслужува.

Пред околу стотина научни работници и музејски стручњаци од сите наши Републики, симпозиумот го отвори директорот на Зеничкиот музеј Ибрахим-Пашиќ Фикрет, а потоа присутните ги поздравија научните и општествено-политичките претставници од Зеница, Сараево, Белград и Загреб. На симпозиумот присуствуваше и членот на Советот на Федерацијата Авдо Хумо.

Работниот дел на симпозиумот беше поделен на следните теми: I. КУЛТУРАТА И ЦРКОВНИТЕ ПРИЛИКИ; II. ЈАЗИК, ПИСМО И РАКОПИСИ; III. УМЕТНОСТ; IV. СТЕЧЦИ; V. МАТЕРИЈАЛНА КУЛТУРА; VI. БОСНА И СОСЕДНИТЕ ЗЕМЈИ; VII. БОСАНСКИ ТРАДИЦИИ и VIII. ЗЕНИЦА И НЕЈЗИНАТА ОКОЛИЈА ВО СРЕДНОВЕКОВНАТА БОСНА. Во рамките на овие теми беа прочитани поголем број реферати. Поради ограничениот простор, ќе ги споменам само некои од нив.

Д-р Херта Кун, проф. на Филозофскиот факултет во Сараево, прочита реферат на тема: „Босанските ракописни кодекси во светлината на јужнословенската редакција", потоа д-р Далибор Брозовиќ, проф. на Фил. фак. во Задар: „Предмиграционен мозаик на хрватско-српските дијалекти во Босна и Херцеговина"; Раукар Томислав, асистент на Фил. фак. во Загреб: „За проблемот на Босанчица во нашата историографија"; Вујичиќ Драган, научен соработник на Академијата на науките и уметностите на БиХ во Сараево: „Топономастика на зеничкиот крај од лингвистичкото становиште"; Миљковиќ Ѓорѓе, виш кустос при Историскиот музеј на Македонија во Скопје: „Врските на македонските богомили со босанската црква"; академик д-р Цвито Фисковиќ, проф. на Конзерваторскиот завод во Сплит: „Далматинските ликовни уметници во средновековна Босна"; д-р Иванка Николајевиќ, научен соработник на Византолошкиот институт во Белград:

„Спомениците на црковната уметност од Босна — нивните паралели“; д-р Бојана Радојковиќ, виш кустос на Музејот за применета уметност во Белград: „Влијанието од Запад на применетата уметност во Босна во XIV и XV век“; д-р Игнациј Воје, доцент на Фил. фак. во Љубљана: „Односот на Цељските грофови спрема политичките прилики во Босна и Херцеговина во XV век“; д-р Богумил Храбак, проф. на Фил. фак. во Приштина: „Средновековна Босна во историско-политичката традиција на Дубровник“; проф. инж. арх. Џемал Челиќ, директор на Заводот за заштита на културно-историските споменици на БиХ во Сараево: „Континуитетот на средновековните форми во раниот турски период“; д-р Ѓурица Петровиќ, виш кустос на Војниот музеј во Белград: „За оружјето на Босна во XIV век“; д-р Мухамед Хаџијаниќ, научен соработник на Академијата на науките и уметностите на БиХ во Сараево: „Нов прилог на Скариќевата хипотеза за потеклото на стечњаците“; Шефик Бешлагиќ, проф. во пензија од Сараево: „За некои најнови резултати во истражувањето на стечњаците“; д-р Павле Васиќ, проф. на Фил. фак. во Белград: „Босанската носија во среден век“; д-р Иво Бојановски, научен соработник во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата во Сараево: „Римски пат од Сараево до Зеница“; д-р Твртко Чубелиќ, проф. на Фил. фак. во Загреб: „Средновековна Босна во усната народна книжевност“ и уште десетина други.

Сите реферати беа со внимание сослушани, по кои во дискусијата зедоа учество голем број на присутните. Да се пишува поодделно за сите поднесени реферати и тоа сосем кратко бара голем простор. Затоа, ќе се задржам само на некои од нив, како мои впечатоци

Сараевскиот музеолог Ѓуро Басjer во своето излагање, а врз основа на археолошките ископувања, смета дека манихејството (на територијата на Босна тоа се нарекувало богомилство) има добиено специфичен белег уште во почетокот на VI век. Богомилството од XII век, смета тој, станала религија што припаѓала на народот во Босна и не се вклопило во догмите и концепциите на католичката схоластика, заради тоа било прогласено за ерес.

Професорот на Филозофскиот факултет во Сараево д-р Херта Кун зборуваше за босанските ракописни кодекси во светлината на јужнословенската редакција на старословенскиот јазик. Поради специфичната положба на средновековна Босна (географска, политичка и историска) дошло и до специфичноста во јазикот и писмото на народот во Босна за што сведочат сочуваните споменици и ракописи.

Професорот на Филозофскиот факултет во Задар д-р Далибор Брозовиќ ја изнесе тезата за предмиграциониот мозаик на хрватско-српските дијалекти на подрачјето на Босна и Херцеговина.

За уметничкото наследство на средновековна Босна зборуваше д-р Цвито Фисковиќ од Сплит, кој се задржа на уметниците од Далмација кои од XIII—XVII век работеле во Босна, а д-р Иванка Николајевиќ од Белград за спомениците на црковната уметност од Босна и нивните врски со европската уметност на средниот век.

Поголем број на учесниците зборуваа за последните достигања во проучувањето на стечњаците на те-

риторијата на средновековна Босна како културно наследство, специфично за народот на овој дел од Балканот.

За учесниците на симпозиумот Зеничкиот музеј организира изложба на тема: „Копии на печати и повелби на средновековни владетели и властелини", а академскиот сликар од Зеница Љубомир Терчинлиќ ги презентира своите платна (специјално работени за симпозиумот) во кои обработил мотиви од стечњаците и други средновековни споменици од подрачјето на средновековна Босна.

Посебен впечаток на сите учесници остави посетата на средновековниот град Бобовац, „стоно мисто" на босанските владетели. Овој културно-историски споменик кој се наоѓа на неколку десетина километри од гратчето Вареш, спаѓа меѓу највредните споменици на средновековна Босна. За прв пат тој се споменува во 1350 година, во времето кога цар Душан ја нападнал Босна, но се смета за многу постар. Својот најголем подем градот доживеал во времето на кралот Твртко II (1421—1443) и Стијепан Томаш (1443—1461). Паѓањето на Бобовац под власта на Турците-османлии во 1463 година, значеше и паѓање на средновековната босанска држава. Во завршните борби за освојување на овој град присуствувал и самиот султан Мехмед II Ел Фатих, кој со својата војска на 20 мај 1463 година дошол под самиот град. Натамошните истражувања на овој најстар средновековен град во Босна, веројатно, ќе дадат за историјата нови податоци и сознанија.

Во тврдината на овој некогашен град, пред реставрираната црквичка, ансамбалот на народниот театар од Зеница го изведе фрагментот од драмата „Босански крал" на Мирослав Јанчиќ. За учесниците тоа беше уште едно доживување кога на човекот за миг му се чинеше дека е вистина во едно време на минатото.

На крајот, сметам за долг, да ја истакнам мошне добрата организација, а впечатоците за секогаш ќе останат во сеќавањето за еден град во сегашното и минато и за гостоприемството на неговите луѓе. Но сега и мислата: зошто на овој симпозиум немаше повеќе учесници од нашата Република (дури ни претставници на поодделни институции) кои имаат што да кажат за многу заеднички моменти на нашите два народа во средновековието.

Ѓ. М.

## Престој на групата студенти од Историскиот и Правниот факултет на Државниот универзитет „Ленински комсомол" од Вороњеж (СССР), од 17. IX. до 6. X. 1971 година во Македонија

Врз основа на договорот склучен помеѓу Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје и Државниот универзитет „Ленински комсомол" од Вороњеж (СССР), од 17 септември до 6 октомври 1971 година, како гости на нашиот универзитет, престојуваше група од 18 студенти и двајца универзитетски наставници од Историскиот и Правниот факултет на споменатиот универзитет од Вороњеж.